**ИЗВЕШТАЈ на прашања и одговори како и за резултатите од гласањето на 54-то Собрание на акционери на Стопанска банка АД – Скопје**

На 16.07.2024 година се оддржа 54-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје.

Согласно член 391-б од Законот за трговските друштва, во прилог објавуваме Извештај за прашања од акционерите и генерални информации за начинот на организација на седницата. На крајот од документот прикажани се табеларно и резултатите од гласањето по секоја точка.

- 54-та седница на Собранието на акционери беше организирана успешно, следејќи ги сите важечки закони и интерни политики на Банката. Сите одлуки кои беа предложени на Дневниот ред беа разгледани и усвоени едногласно од присутните и претставените акционери.

- На седницата присуствуваа и беа претставени акционери кои претставуваат 16,542,910 обични акции, односно 94.7% од вкупниот број на акции со право на глас; и 3,498 приоритетни акции, односно 1.5% од вкупниот број на приоритетни акции. Покрај акционерите, Претседавачот, Нотарот и Бројачот на гласови, на седницата присуствуваа сите членови на Управниот одбор.

- Не беа покренати прашања од присутните и претставените акционери на седницата. Беше даден коментар дека во иднина предложените членови на Надзорниот одбор ќе влијаат да се промени односот на Банката кон прашањето за дивидендна политика односно со оглед на остварените успеси ќе почнат да исплаќаат дивиденда или ќе ги откупат акциите на малцинските акционери.

**Сета дискусија од 54-та седница на Собранието на акционери е содржана во Записникот од седницата, објавен на веб-страницата на Банката.*

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

## *Извештај од резултатите на гласањето на 54-та седница на Собранието на акционери*

**Резултати од гласање**

54-та седница на Собрание на акционери, 16.7.2024 год.

| # | Назив на точка од Дневен ред | Усвоена / Неусвоена одлука | Гласови ЗА | Гласови ПРОТИВ | ВОЗДРЖАНИ гласови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор на Претседавач, Нотар и бројач на гласови | √ | 16,542,910 | - | - |
| 2 | Разгледување на Записникот од 53-та седница на Собранието на акционери одржана на 31 мај 2024 година | Н/А | - | - | - |
| 3 | Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје: г-ѓа Димитра Доима | √ | 16,542,910 | - | - |
| 4 | Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје: г-дин Георгиос Тагарис | √ | 16,542,910 | - | - |
| 5 | Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје: г-ѓа Јиули Толиа | √ | 16,542,910 | - | - |
| 6 | Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје: г-дин Панајотис Карандреас | √ | 16,542,910 | - | - |
| 7 | Донесување на Одлука за определување на надомест на членовите на Надзорниот одбор | √ | 16,542,910 | - | - |
| 8 | Донесување на Одлука за определување на надомест на членовите на Одбор за ревизија | √ | 16,542,910 | - | - |

***17.460.180*** *- вкупен број на обични акции на СБ;* ***227.444*** *- вкупен број на приоритетни акции на СБ*
***16.542.910*** *- вкупен број на обични акции присутни и претставени на седницата;* ***3.498*** *- вкупен број на приоритетни акции присутни и претставени на седницата*